Општинско основно училиште
„Крсте Петков Мисирков“-Оризари,Кочани
ул.„Маршал Тито“ бр.,Оризари, Кочани, Република Северна Македонија
тел/фах:033/294-597
e-mail: orizari_kpmisirkov@yahoo.com www.krstepetkovmisirkov.mk

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ООУ „КРСТЕ ПЕТКОВ МИСИРКОВ“ ОРИЗАРИ, КОЧАНИ ВО УЧЕБНАТА 2020/21 ГОДИНА**

## I. Подготовка за почетокот на учебната година и реализирани активности:

Почетокот на оваа учебна година ќе го запаметиме по тоа што истата започна на 1 октомври поради Ковид-19 пандемијата што го зафати целиот свет.

За успешно и навремено започнување на учебната 2020/2001 година и за нормално одвивање на наставата во ООУ„Крсте П. Мисирков” с. Оризари беа извршени се следните хигиенско - технички подготовки, како и извршени поправки и набавени материјали:

- Уредување на училишниот двор (тревните површини целосно уредени и проширени);
- Во училишниот двор засадени се украсни дрвца-палми, како и 30 борчиња и декоративни цвеќиња;
- За одржување на сето ова набавени се 2 прскалки, мотор за хидрофорот, црево за наводнување, како и повеќе саксии;
- Доправени се тротоарите околу стариот преден дел на училиштето;
- Училиштето темелно е исчистено и уредено;
- При крајот на првото полугодие извршена е замена на старите врати во ентериерот на училиштето со нови медијапан (вкупно 19);
- Набавени се 12нови (бели)магнетни табли за потребите на изведување наставниот процес; (поставени се во училниците на приземјето).
- Реновирани се вкупно 40 клупи, заменети со нова иверица ,
- За потребите на Хаус мајсторот набавени се ситни алатки ;
- Во наставничката канцеларија старото бољерче заменето е со ново протечно;
- Извршена е дезинфекција и дезинсекција на училиштето согласно добиените Протоколи од МОН;
- Поставена е подобра интернет конекција во училиштето;
- За потребите за изведување на онлајн наставата од неколку донатори на учениците кои не поседуваа компјутерска опрема им беа доделени интернет опрема (лап топи, таблети) и тоа 3 Лаптопи од Комерцијална Банка и 2 од ИНТ-Кочани, 6 Таблети од „Амфенол“и 30.000 денари од „Антура“.
- Училиштето набави уште 11 лаптопи со ташни, 2 печатачи и 2 проектори;
- Набавени се 2 смарт табли според новата наставна концепција за IV одделение со 2 преоектора кои се поставени во училниците, како и за наставата во I одделение во 2 училници се поставени проектори и бели магнетни табли за првиот кат во училиштето.
- За изведување на наставата по ФЗО се обезбедени повеке реквизити како топки, јажиња за скокање,обрачи, чуневи и други справи.

- Набавени се компјутери за секоја училница, 6 нови компјутери и 8 компјутери надоградени со соодветна опрема за потребата на онлајн наставата со потребната опрема од камера микрофон и звучници, во кои се поврзани со статични проектори
- Извршена е промена на старите електрични светилки и целосно се заменети со нови лед светилки во целото училиште.
- Извршено е варосување на таваните во училниците после демонтажата на старите светилки и монтажата на новите лед светилки;
- Во текот на второто полугодие е реализиран проект од МОН , завршена целосна рхабилитација на кровот ,санација на кров во училиштето.
- Извршено е поврзување на системот за греење односно поставување на радијатори во медијатеката, како и нејзино варосување.
- Во тек е набавка на венецијанки за 6 училници и вариолајт завеси за 2 канцеларии.
- И во подрачното училиште во с. Прибачево извршени се сите неопходни подготовки за почеток на учебната година;

Постојано се обезбедуваат неопходните материјални и дидактички средства за изведување на наставата: креди, сунѓери, хартија, хамер, тонери, како и други канцелариски материјали и средства за чистење и одржување хигиената во училиштето.

## II. Подрачја на промени, приоритети и цели

Според Програмата за развој, Годишниот извештај и забелешките од спроведената интегрална евалуација од страна на ДПИ, произлегуваат следниве приоритети и цели за новата учебна 2021/2022 година, кои што се во тесна врска со потребите и интересите на вработените, особено со потребите на учениците и во склад со можностите на училиштето:

Од планираните приоритетни активности во годишната програма на училиштето за учебната 2020.21 година е реализирано следново:

**Приоритет 1. Овозможување континуирана соработка и партиципација на учениците во воспитно образовниот процес**

Максимална вклученост на сите ученици во процесот на учење. Од вкупно 205 ученика, 53 ученика (од прво до трето одделение) следеа настава со физичко присуство. Еден ученик од трето одделение континуирано ја следеше наставата онлајн.
Од вкупно 109 ученика од предметна настава, двајца ученици само неколку пати се вклучија на настава и тројца имаа повеќе изостаноци.

Преку разни форми на организираност (ученичка заедница, ученички парламент, ученички правобранител) учениците активно учествуваа во донесувањето на одлуки за подобрување на наставниот процес. Активно учествуваат и во работата на наставничкиот совет и Училишниот одбор каде се донесуваа одредени одлуки, разгледување на разни документи, известувања, укажувања, информации и стручни материјали.

Сите овие средби и состаноци се одржуваа онлајн.

**Приортет 2. Одржување на училишната зграда и здрава средина во училиштето**

Преку одбележување на одредени датуми учениците се едуцираа за заштита на животната средина:

- По повод Патрониот празник се изведе Еко акција со учениците од 2-те одд. – засадување цвеќе;

- Преку цртежи беше одбележан 22.03.2021 Светскиот ден на водата;

- Со садење на цвеќе и цртежи учениците од 1-3 одд. го одбележаа 21.03.2021 Денот на екологијата преку што ја остварија пораката "Да ја зачуваме природата чиста";

- Во прилог на заштитата на животната средина се реализира Ликовниот конкурс на тема "Велосипед од мојата фантазија".

- По повод 22 Април, Денот на планетата земја, учениците ја проследија Презентацијата и Квизот добиена од БРО; Не изостана и цртањето на цртежи за планетата Земја како и засадување на цвеќиња, кои се вистински декор во училишниот двор.

- Преку Проектот „Нулта Отпад" учениците донесуваа стари батерии, со што се здобија со знаења како да го селектираат отпадот.

Согласно добиените Протоколи и Упатства од МОН, вработените и учениците се грижеа за својот индивидуален и колективен начин на заштита (носење маски, одржување хигиена, миење раце, постојана употреба на средства за дезинфекција и др.)

**Приоритет 3.** Реконструкција на кровот на училишната зграда

Стариот кров на училиштето беше заменет со нов преку проект добиен од МОН во тек на месец април и мај.

За следната учебна година, од инфраструктурни проекти се планира решавање на загревањето на спортската сала во училиштето со топлински пумпи и замена на постоечкиот начин на загревање на училиштето (нафта) со топлински пумпи.

## III. Настава

Во текот на наставната година наставниот процес е организиран, планиран и реализиран врз основа постојниот наставен план и наставните програми. Редовната (задолжителната) настава како и другите вонаставни активности се одвиваа согласно со календарот за наставната година и конкретните распореди.

Почнувајќи од 1 октомври 2020 год. поради Пандемијата од вирусот Ковид -19, па се́ до 10.06.2021 год. со учениците од четврто до деветто одделение се изведуваше настава од делечина (онлајн). Со учениците од прво, второ и трето одд. се изведуваше настава со физичко присуство на учениците. Два ученика од трето одд. следеа онлајн настава. Од страна на педагошко–психолошката служба еднаш во првото и еднаш во второто полугодие беа проследени наставни часови (од 1-3 то - со физичко присуство, а од 4- то до 9-то онлајн).

Се одржуваше и дополнителна настава по одреден број на наставни предмети, во текот на наставната година. Со овој вид настава во голема мера им се помогна на учениците кои имаа потешкотии во совладувањето на одделни наставни содржини.

За учениците што имаат три и повеќе слаби оценки психологот на училиштето организираше советувања за родителите и за учениците.

За учениците од II - IX одд. кои поседуваат посебни афенитети кон одделни наставни предмети имаа потенцијални можности за продлабочени знаења, наставниците неделно одржуваа по 1 до 2 часа додатна настава.

Од изборни предмети учениците во VI одд. го изучуваа Етика во религиите и германски јазик, VII одд Вештини за живеење, во VIII Проекти од информатика и во IX одд. Основи на програмирање.

**Реализирани проекти**:

Училиштето е вклучено во Еко-проектот поддржан од МОН и успешно ги реализира планираните активности, како и во проектот Зелен пакет- јуниор за одделенска настава.

Наставниците од одделенска настава се вклучени во проектите „Јазична писменост“ и „Математика со размислување“ во почетните одделенија. Училиштето е вклучено во Проектите „Меѓуетничка интеграција во образованието“ (МИО) и „Заедничка грижа за правилно насочување на учениците“ во реализација на Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието.

Училишта на 21 век, носител на Проектот Британски совет, МОН. Целта на овој Проект е да се зајакнат вештините за критичко размислување и решавање проблеми,како и подобрување на дигиталните вештини на учениците,со помош на микробит уреди. Поради Пандемијата планираните активности не беа во целост реализирани. Истите ќе се реализираат во наредната учебна година согласно укажувањето на одговорното лице на нашето училиште за овој Проект.

Проектот од ЕРАЗМУС + програмата, со наслов „Забавни дигитални часови“кадешто апликант партнер е основно училиште од Р. Турција, а учествуваат основни училишта од Р. Грција, Р. Романија и Р. Хрватска беше прекинат поради пандемијата, а од септември оваа година се очекува да продолжи.

Проект од областа на граѓанското образование. За реализација на истиот училишниот педагог Мирјанка Анастасова и наставникот по Граѓанско образование Стојка Савева ја следеа онлајн обуката што беше реализирана од Советникот при БРО Мика Илиева. Беше реализирана активноста со ученици „Уредување паркот во училишниот двор со цвекиња(хризантеми)“ и други видови цвеќиња и украсни дрвца преку што учениците активно се вклучија во конкретна ученичка иницијатива за промена во училишниот двор. На тој начин кај учениците ќе се развива демократската култура, а воедно се реализираше и Стандард 3 од ЕКО проектот за убаво хортикултурно уреден училиштен двор.

Со средства од Владата ,преку проектот на МОН „Реконструкција на средни и основни училишта“, извршена е санација на кровот на училиштето. Училиштето доби нов кровен покривач од профилиран, пластифициран челичен лим, хоризонтална термоизолација и громобранска инсталација.

## 3. Ученици, паралелки и изостаноци

Составен дел на текот на организирањето на воспитно - образовната работа на училиштето е и формирањето на паралелките во училиштето врз основа на кој број се обезбедени и неделниот фонд на наставни часови по секој наставен предмет. Бројот на формираните паралелки за оваа учебна година изнесуваше 19 од I до IX одд. од кои 18 се во централното и една комбинирана паралелка во подрачното училиште во с. Прибачево.

Оваа учебна година имаше вкупно 205 ученика. Од нив 96 се одделенска настава, а 109 предметна настава.

Прегледот на учениците на крајот на учебната 2020/21 год. по етничка припадност ја содржи бројната состојба на ученици по одделенија внесена во табела бр.1 од статистичкиот извештај.

Испишани се вкупно 5 ученика.

Вкупно оправдани изостаноци 1423, или 7,11 по ученик. Вкупно неоправдани изостаноци 176, или 0.86 по ученик. Неоправданите изостаноци се направени од неколку ученици на кои им се изречени и педагошки мерки.

Изостаноците на учениците на крајот на учебната година се во табела бр. 3

Ако се споредат табеларните прегледи од минатата и оваа учебна година, се забележува големо намалување на изостаноците дури за околу 50% (2804) во 2019/2020 и (1614) во 2020/2021. Ваквото намалување се должи на следењето настава од далечина, како и секојдневната евиденција за следење на наставата од страна на училиштето и МОН.

Има вкупно 7 изречени педагошки мерки и тоа, 1 укор, 2 усна опомена, 2 писмена опомена и 2 намалување на поведение. Истите можат да се видат во Табела бр.6.

**Тим за следење, анализа и поддршка**

Во училиштето постои Тим за следење, анализа и поддршка. Истиот ја организира, следи и дава поддршка на целокупната Воспитно образовна дејност на училиштето.

**Самоевалуација на училиштето**

Минатата учебна година изготвена е новата Самоевалуација на училиштето. Истата ја изготвуваа сите вработени во училиштето распоредени во одделните подрачја на Самоевалуацијата.

**IV. Поддршка на учениците**

Постигање на учениците

**Ученици**

Вкупен број на ученици за учебната 2020/21 година е 205, односно 11 ученика (216) се помалку во однос на истиот период од минатата учебна година.

Истите се распоредени во 18 чисти и една комбинирана паралелка од две одделенија (прво и трето одд.) составена од 4 ученика во подрачното училиште во с.Прибачево.

Испишани се вкупно 5 ученика поради промена на местото на живеење.

Поконкретни податоци за вкупниот број запишани и отпишани ученици бо тековната учебна година се прикажани во Прегледот бр.5 од статистичкиот извештај.

Средниот успех на ниво на училиште е 4.37.

**Резултати од реализацијата на воспитно-образовната дејност**

Во **прво одделение** беа запишани вкупно 19 ученика во две чисти паралелки и 1 ученик запишан во ПОУ с.Прибачево во комбинирана паралелка. Сите 20 ученици редовно ја посетуваа наставата. Исклучок беа два ученика, чии што родители беа заразени со вирусот Ковид -19 и поради тоа и децата беа во изолација во тек на 10 дена. Наставниците преку доставување на материјали за работа секојдневно им ги даваа задачите и задолженијата по наставните часови. Нивниот успех и достигања по сите наставни предмети описно се следеше преку бројни инструменти што ги применуваа нивните наставници, а ги изготвуваа по претходно добиени сознанија односно едукација. Сите ученици се социјализирани и адаптирани на средината. Нивните постигања се прикажани преку сумативна оценка (евидентен лист) што е составен дел на портфолиото на секој ученик , или преведено по нивоа сите ученици се на прво ниво .Сите ученици ги знаат буквите,знаат да си го пишуваат своето име и презиме. Графомоториката е развиена кај сите. Во текот на оваа учебна година сите ученици напредуваа и се здобија со повеќе сознанија од сите предмети предвидени со Планот и програмата за работа кои се солидно усвоени од нивна страна. Од минатата учебна година наставата по ФЗО ја изведуваат тандем наставници (одделенскиот наставник и дополнителен наставник(асистент) по ФЗО).при што со учениците правилно и доследно се реализираше наставата по ФЗО.

Во паралелката 1-б наставничката беше подолго време на боледување, за што беше навремено обезбедено соодветна замена.

Во **второ одделение** има вкупно 14 ученика во две чисти паралелки. На почетокот од учебната година сите ученици ги препознаваа и пишуваа броевите. Наставниот план и скратената верзија на програмата во целост се реализирани. Преку реализацијата на наставните содржини преку целата учебна година забележан е напредок кај секој ученик, па на крај од наставната година сите ученици читаат течно и јасно, 9 ученика се на прво ниво,четири второ ниво и 1 на трето ниво.

Во **трето одделение** вкупниот број на ученици во централното училиште е 17 и три ученика во една комбинирана паралелка во ПУ с.Прибачево (вкупно 20). На почетокот од учебната година сите ученици собираа и одземаа во рамките на бројот 20 и читаа и пишуваа со кирилични букви. Преку реализацијата на наставните содржини во текот на учебната година забележан е напредок кај секој ученик, па така 12 ученици достигнале високо ниво, 3 на второ ниво и 2 ученика на ниско (трето) ниво. На крајот од наставната година сите ученици (освен 2) ги совладаа предвидените содржини по математика. научија да собираат и одземаат броеви до 1000.

Сите ученици читаат и на кирилично и на латинично писмо.

Трите ученика од ПУ .с Прибачево имаат постигања на високо ниво.

**Во двете IV$^{ти}$ одд. и двете V$^{ти}$ одд.** има вкупно 42 ученика во четири чисти паралелки. Од минатата учебна година и овие ученици описно се оценуваат.Наставата се одвива од далечина Согласно Протоколите за КОВИД 19. Во IV одд. од вкупно 25 ученика 21 се одлични 2 мн.добри и 2 добри.

Во V одд. од вкупно 17 ученика, 15 се одлични и 2 се мн.добри.

Средниот успех на учениците од:

- IV износува 4,63
- V износува 4.83
- IV – V износува 4.73

**Предметна настава**

Во предметна настава има вкупно 109 ученика распоредени во 8 паралелки.

Средниот успех на учениците од VI – IX одд. е 4.01. Спореден со минатата година (4.13) е понизок за 0,12.

Средниот успех на учениците по одделенија/паралелки изгледа вака:

- VI износува 4,32 (највисок среден успех)
- VII износува 3,90
- VIII износува 3,76 (најнизок среден успех)
- IX износува 4,04

По еден ученик од 8-б и 9б одд. го повторуваа одделението.

Превземени се сите мерки од страна на училиштето (разговори и советувања со учениците и родителите (ППС), изрекување на соодветни педагошки мерки, информирање на ДПИ, но сето ова не помогна учениците да го завршат одделението. Еден ученик од 8-б одд. полагаше одделенски испити и го заврши одделението со доволен успех.

За намалениот успех секако влијае и отсуството на физичкиот контакт на учениците со нивните наставници и одделенски раководители.

Што се однесува до успехот по полова структура може да се забележи дека учениците од женскиот пол имаат повисок успех. Средниот успех на женските изнесува 4,67, а на момчињата 4.10.

Можеме да кажеме дека знаењата што ги стекнуваат учениците се реални и трајни и во функција на развивање на нивните ставови и способности. Најголем број од учениците од IX одд. во натамошното школување го задржуваат постигнатиот успех. Врз

постигнатиот успех влијание имаше и советувањето извршено од психологот на училиштето кај учениците што имаа по три и повеќе слаби оценки. Беа повикани вкупно 31 родител на советување по основ на слабите оценки кај нивните деца. Истите ученици беа повикани на советување по завршувањето на советувањето со родителите.

**V. Професионален развој на образовниот кадар**

Во изминатата учебна година наставниците преку онлајн ги следеа бројните Вебинари во организација на БРО, МОН и други институции. Во продолжение ќе ги наведеме следните:

- Оформување на персонализирани учебни патеки за учениците (28.10.2020)
- Подготовки на училиштето за реализација на воспитно-образовениот процес според Планот и Протоколот за оддржување на настава (15. 9.2020)
- Совети и добри практики од работата на психолозите во основните училишта(10.11.2020)
- Интегрирање на целите во одделенска настава (холистички пристап) (20.10.2020)
- Реализација на наставата,со користење на различни ИКТ средства за учење МОН (26.08.2020)
- Добри практики за Онлајн настава (15.09 2020)
- Подготовки на училиштата за реализација на воспитно-образовниот процес според Планот и Протоколот за одржување на настава (15.09.2020)
- Подготовки за тестирањето Пирлс 2021 (27.1 0.2020)
- Работа на стручната служба во средните училишта во услови на пандемија (05,11.2020)
- Формативно и сумативно оценување со Microsoft Teams (22.12.2020)
- Методика и педагогија на квалитетна настава на далечина (25.01.2021)
- Поттикнување на учење преку игра и стекнување на социоемоционална вештина кај деца на возраст од 3 до 10 години (20.11.2020)
- Практични совети и добри практики во користење на Microsoft Teams (10.12.2020)
- Наставничката Елена Тасевски изврши успешно испраќање на видео лекција "Читање време на часовник по математика за 2-ро одд. (25.10.2020 ) на Едуино колективниот портал и видео лекција под наслов Апарати во домакинството по општество за 2-ро одд.со што даде свој придонес во развојот на овој Портал.

**VI. Здравствена и останата грижа за учениците**

Во училиштето се водеше перманентна и зголемена грижа за здравјето на учениците како во училиштето (за учениците со физичко присуство) така и за учениците што ја следат наставата од далечина и тоа преку следните активности:

- Медицинскиот центар од Кочани ги врши редовните вакцинации за зголемување на имунитетот кај учениците според нивниот календар.
- Преку одделенските часови на Животни вештини и останатите наставни предмети реализирани се повеќе работилници од областа на здравственото воспитание, а со цел да се стекнат навики кај учениците како би се избегнале

разни заразни заболувања.На пример:Лична хигиена,Разговор на тема: „Превентива и заштита од Ковид 19,“организирани работилници :„Кога сум болен ,болна“„Како да оздравам“„„Мојата хигиена, моја одговорност“„„Што ме прави чист“,како и преку обработка на приказна со илустрација „Чистотата е половина здравје“.

- Перманентно се употребуваат средства за лична хигиена (течни сапуни, дезинфекциони средства и други средства за одржување на хигиената во сите училишни простории), по препорака на Републичкиот санитарен инспектор.
- Поради појава на Ковид 19 пандемијата се зголеми хигиената во училиштетои во целост се почитуваат Протоколите добиени од МОН;
- Едукација на учениците како правилно да ги мијат рацете и да ги користат поставените дезинфекциони средства;
- Во рамките на Еко проектот беше организирана Работилница на тема „Здрава храна за детство без мана“, чија цел беше со приготвувањето на здрава храна да се развие свеста кај најмалите за користење и поволностите од здравата храна.
- Перманентно се води грижа за зачувување на забите кај учениците од страна на стручни лица;
- Реализирана е програмата Always-едукативна училишна програма за пубертет „Се што сакаш да знаеш за пубертетот“ за ученичките од 6-то одд.со напомена дека реализацијата на активностите не треба да го наруши воспитно-образовниот процес во училиштето и истата се реализираше во соработка со директорот и одд.раководители во училиштето,а по претходна добиена согласност од родителите.

## VII. Организиран превоз на ученици:

Поради Ковид пандемијата во оваа учебна година не е реализиран организиран превоз за учениците од ПОУ во с.Прибаче**vo.**

## VIII. Организирани ученички екскурзии, излети и настава во природа

Во текот на оваа учебна година не се реализирани ученички екскурзии, поради Ковид пандемијата.

Според добиеното Упатство од БРО наставникот по ФЗО организираше настава во природа во блиската околина.

## IX. Културно-образовни активности, општествено-кориснаработа, спортски и воннаставни активности и ученички натпревари

### Слободни ученички активности

Во училиштето слободните ученички активности се застапени низ разновидни облици на слободно членување во секции. Во текот на оваа учебна година изостанаа активностите што беа планирани како на пр. „26 Септември“ Европскиот ден на јазиците, натпреварот „Млади библиотекари“ што го организира МБ „Искра“ Кочани. Изостана и Свечениот прием на првачињата. Со скромна приредба беше одбележан нивниот прием во ДОМ.

Во соработка со ЈОУ Библиотека „Искра“ Кочани -Подрачна библиотека во нас. Оризари на 1 јуни (онлајн) се одржа настан со кој го одбележаа 1 Јуни –Меѓународниот

ден на децата под мотото „Со книга патувам и истражувам“. Онлајн гостин: м-р Ели Маказлиева –поет, писател за деца.

Членовите од ликовната секција активно работеа во текот на целата учебна година и учествуваа на сите Конкурси што беа доставувани до училиштето.

Исто така активно работеа со поголема активност по повод одбележувањето на Патрониот празник на училиштето, а во соработка со останатите секции во училиштето активно уредуваа изложби (за Патрониот празник), а по повод Новогодишните празници го уредија и украсија ентериерот на училиштето со што му беше даден посебен белег и убавина на училиштето.

Со различни уметнички содржини беше уреден и училишниот двор кој е еколошки и функционално уреден и пристапен за сите.

Наградени ученици за учество на ликовен конкурс за Патрониот празник на ООУ „Никола Карев“-Кочани:

-Евгенија Марковска 6-то одд.

-Кристина Соколова 6 –то одд.

-Јана Илијевска 8-мо одд.

На ликовен конкурс што го организираше КЈП “Водовод“ Кочани на тема “Штедиме и пречистуваме вода-потребна ни е за во иднина“ учествуваа ученици, а ученичката Емили Стаменкова од осмо одд. освои 2-ро место и доби награда од Швајцарската конфедерација.

Во текот на наставната година сите секции од одделенска настава од 1- 3 континуирано ги уредуваа своите училници и учениците ги проширувaa своите знаења во зависност од тоа во која секција се вклучени. Посебно активни беа учениците од одделенска настава во рамките на Еко проектот кои реализираа повеќе активности пред сé околу чистење и естетско уредување на училишниот двор и паркот во училиштето. На 26 Март се одржа т.н. Отворен ден на училиштето, организиран од наставничката по Граѓанско образование се засадуваа цвеќиња, а се организираше и Собирна акција (Облека за ученици од социјално-ранлива категорија).

**Ученички натпревари**

| **Предметна настава** | | | |
|---|---|---|---|
| **Предмет/наставник** | **Одделение/датум на одржување** | **Училишен/општински / регионален/државен/ меѓународен** | **Постигнат успех** |
| **Математика, Марина Серафимова** | **8 одд,** | **Општински** | **1.Филип Стојанов-пофален<br>2.Филип Ангелов – учество<br>3.Емили Стаменкова – учество<br>4.Филип Стаменков -учество<br>5.Јасна** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | <br><br>9 одд.<br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>8 одд.<br><br><br><br>9 одд. | <br><br>Општински<br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>Регионален | **Златкова – учество**<br><br>**1.Горазд Митев -3-та награда**<br>**2.Марија Стоименова – пофалена**<br>**3.Викторија Иванова – учество**<br><br>**1.Филип Стојанов-пофален**<br><br>**1.Марија Стоименова учество** |
| **Математика Маргарита Велкова** | **7 одд,** | **општински** | **1.Филип Ангелов пофален**<br>**2.Филип Стојанов пофален** |
| **Природни науки Емица Трајанова** | **5 одд.** | **општински** | **1.Моника Иванова -пофалена**<br>**2.Ива Горгиева -пофалена**<br><br><br>**3.Ема Тодоровска -пофалена**<br>**4.Јована Новакова учество** |
| **Анита Стојанова хемија** | **6-то одд.** | **Општински**<br><br><br><br><br><br><br>**Регионален** | **1.Горазд Митев-пофален**<br>**2, Михаела Мишева -3 место**<br><br>**1.Михаела Мишева -3 место** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| **Англиски јазик ЕЛТАМ (Онлајн) Биљана Јефтимова** | **5- одд.**<br><br>**6-то одд.** | **Општински**<br><br><br><br><br>**Регионален**<br><br><br><br>**Државен** | **1.Лина Мицовска – учество**<br><br>**1.Моника Иванова – 1 место (Диплома)**<br><br>**1.Моника Иванова – 1 место (Диплома)**<br><br>**1.Моника Иванова – учество** |
| **Англиски јазик, Горан Тасевски** | **7- мо одд.**<br><br><br><br><br>**8 –мо одд.**<br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>**9-то одд.** | **Општински**<br><br><br>**Регионален**<br><br><br>**Општински**<br><br><br>**Регионален**<br><br><br>**Државен**<br><br><br><br>**Општински**<br><br><br>**Регионален**<br><br><br><br>**Државен** | **1.Ева Костадинова-3 место**<br><br>**1.Ева Костадинова-учество**<br><br>**1.Матеа Саздова 2-ро место**<br><br>**1.Матеа Саздова 1-во место**<br><br>**1.Матеа Саздова - учество**<br><br><br>**1.Михаела Мишева- 2-ро место**<br><br>**1.Михаела Мишева- 3-то место** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | **1.Михаела Мишева-учество** |
| **Биологија, Весна Лазарева** | **7 одд,** | **Општински**<br><br>**Регионален** | **1.Ана Мицовска – пофалена 2.Ценифер Мишкова – пофалена**<br><br>**1.Ана Мицовска – учество** |
| | **8 одд,** | **Општински**<br><br>**Регионален** | **1.Стефани Иванова- 3 то место**<br><br>**1.Стефани Иванова-пофалена** |
| | **9 одд,** | **Општински**<br><br>**Регионален** | **1. Горазд Митев- 2 ро Место1.**<br><br>**1.Горазд Митев- 3 то место** |

**Поради настанатата ситуација со Ковид 19 голем дел на натпреварите на сите нивоа не беа во можност да се реализираат од страна на нивните организатори.**

## X. Систематски специјалистички и санитарни прегледи на вработените

Кај сите вработени (36) во училиштето на почетокот од учебната година извршен е санитарен преглед.

Исто така извршен е системетски преглед на сите вработени, согласно законот за Работни односи. Прегледот е извршен од страна на ПЗУ „Д-р А.Николов" Штип

## XI. Активности на: Совет на родители, Наставнички совет, Училишен одбор

**Советот на родители** реализираше активности согласно својата Годишна програма и беа одржани три седници на советот. Се разгледуваше Годишната програма за работа на училиштето, се избираа нови членови во советот, како и претставници за училишен одбор,

се дискутираа теми од важност за учениците и воспитно-образовниот процес.(изведување на онлајн наставата), Запознавање со Протоколите добиени од МОН како и Упатствата за скратените програми Добиени од БРО.

**Наставничкиот совет** ги одржа планираните работни седници во текот на оваа учебна година. Одржани се вкупно 12 седници и на истите се разгледувани повеќе точки во врска со целокупната организација на воспитно – образовната дејност на училиштето. Поконкретни податоци за работата на овој највисок стручен орган можат да се согледаат од содржината на соодветните Записници. Сепак ќе ги наброиме следните содржини:

- Разгледани се добиени Укажувања од различни институции и тоа од МОН, Локалната самоуправа, Државниот просветен инспекторат, БРО и др;
- Разгледани се и измените и дополнувањата на одделни законски одредби за основното образование;
- Целосно се разгледани и применети Протоколите за Ковид 19 добиени од МОН и БРО;
- Упатства од БРО за изготвување на планирањата (скратени програми);
- Известување од МОН за работа од дома;
- Согласно со програмата Наставничкиот совет редовно ги разгледува и усвојува значајните документи за училиштето и тоа: годишна програма, извештај за тромесечие, полугодишен извештај, годишен извештај и др.

**Училишниот одбор** работеше согласно својата Програма за работа. Одржани се вкупно 9 работни состаноци. Од повеќето активности ќе ги наброиме следните:

- Разгледување и усвојување на Годишната програма и самоевалуацијата за работа на училиштето,
- Целосно се разгледани Протоколите за Ковид 19 добиени од МОН и БРО;
- Разгледани и усвоени повеќе документи како:
- за начинот на спроведување на набавки од мала вредност, за пофалување, и наградување и изрекување на педагошки мерки на учениците од ОУ.
- Разгледани документи за прием на нови работници на упразнети работни места и давање мислења по пристигнатите молби,
- Избор на нови членови на училишен одбор, донесување на одлуки за реализација на проекти
- Разгледување и усвојување на Финансиски план, Полугодишниот и Годишниот извештај за работата на училиштето и др.

**Соработка со семејството** и родителите на учениците се одвиваше индивидуално и колективно. Индивидуално родителите доаѓаа по разни потреби кај одделенските раководители, директорот, психологот и училишниот педагог. Индивидуални разговори се водеа со родители чии деца (ученици) покажуваат слаб успех и беа недисциплинирани за време на наставата и надвор од неа, како и со родители чии ученици нередовно посетуваа настава (не се вклучуваа во онлајн наставата).

Во текот на учебната година училишниот психолог одржа по едно советување во двете полугодија со по две средби за родителите на учениците со три и повеќе слаби оценки. Вкупно 31 родител беа советувани во текот на учебната година поради три и повеќе слаби на нивните деца.

Беа одржани и две советувања и родителите на учениците кои нередовно посетуваат настава.

После реализираните средби за советувања на родителите се реализраа советувања со учениците.

Во првото полугодие советувањата се реализираа со физичко присуство, а во второто полугодие на Микрософт тимс.

Се реализираше и советување со родитеи на ученици кои што нередовно посетува настава и отсуствуваа од настава подолго од еден календарски месец. Истите ученици, односно нивните родители беа пријавени во ДПИ, кои понатаму преземаа соодветни мерки.

Колективната соработка се одвиваше преку (онлајн) родителски средби и на истите, родителите беа информирани за успехот и дисциплината кај учениците, исхраната, како и за осигурувањето на учениците, измените и дополнувањата на одделни законски одредби за основното образовани Протоколи од МОН за Ковид пандемијата и др.

Во текот на учебната година се одржаа пет општи родителски средби (онлајн), а со родителите на учениците од првите одделенија по шест и повеќе средби.

Во однос на одредени прашања редовно се информирани за сите активности и настани во училиштето.

**XII. Наставни средства**

Училиштето постојано води грижа за набавка на нагледни средства. Во текот на оваа учебна година набавени се повеќе нагледни средства по одделни предмети и тоа: Детски музички инструменти, реквизити по ФЗО (разни видови топки, јажиња, хулахопи, чуњеви; по природни науки разни видови модели на овошја). Но сеуште има потреба од истите по повеќе наставни предмети. Потребна е максимална искористеност на оние што постојат, како и користење на природните ресурси што ги нуди нашата околина и окружувањето како целосно би го примениле Принципот на нагледност во наставата.

Набавени се потребните дидактички ресурси за потребите за новите наставни програми за прво и четврто одделение.

**XIII. Подобрување на материјално – техничките услови**

Во текот на оваа учебна година значајно се подобруваа условите за работа во училиштето: уредување училишен двор, уредување на ентериерот (варосување на таваните, целосно варосување на канцелариските простории ), заменет постоечкиот кров на училиштето со нов, во тек е промена на осветлување во целото централно училиште и др.

**XIV. Педагошка и друг вид на документација**

Педагошката евиденција се води во одделенските книги, е-дневник, главните книги, записници од стручните органи на училиштето, ученички легитимации, записи на описни оценки, свидетелства, преведници и др.

Општа констатација е дека истата се води уредно и правилно. Комисиите за преглед на педагошка евиденција и документација во училиштето доставуваат извештај за евентуалните пропусти и грешки, по кој наставниците ги вршат корекциите.

## XV. Заклучоци и препораки

Годишната програма за работа на училиштето е реализирана преку ангажираноста на носителите на воспитно – образовната дејност и нивните соработници. Скратените Наставните програми по одделни наставни предмети се реализирани целосно. Прекини во наставата немаше, а истата започна на 1 Октомври. Од постигнатите резултати во услови на Пандемија можеме да кажеме дека сме задоволни, но секогаш се може и повеќе. За следната учебна година ги даваме следните препораки:

- Наставниците, секој по својот предмет да ја планирааат наставата навремено на сите нивоа;
- Подобрување на учењето преку квалитетно оценување на ученичките знаења, примена на формативното оценување (Почитување на Етичкиот кодекс на оценување), континуирана примена на стандардите за оценување;
- Организирање на часови со примена на креативните техники на учење за развој на креативното мислење кај учениците;
- Примена на Блумовата таксономија во наставата;
- Примена на ИКТ во наставата;
- Максимално да се користат постојните нагледни средства во наставниот процес како и нивно изготвување од наставниците и учениците;
- Со ставањето на компјутерската технологија во функција наставниците да ги користат компјутерите во наставниот процес и навремено да се води Е-дневникот;
- Постојано користење на стручната литература во училиштето;
- Да продолжи соработката со Општина Кочани, Државниот просветен инспекторат и Бирото за развој на образованието како и со другите институции;
- Училиштето да продолжи да се вклучува во нови проекти;
- Да се продолжи со подобрувањето на просторните и материјалните услови за задоволување на потребите за реализација на наставата и работата во училиштето;
- Да се уреди и стави во функција Училишната Медијатека;

ООУ„Крсте П. Мисирков”- с. Оризари
Општина Кочани
Директор
Соња Иванова
.........................................................